**20252084120**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 23 став (6) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25), министерот на образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА АКРЕДИТАЦИЈА НА УСТАНОВИТЕ ЗА ФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на акредитација на установите за формално образование на возрасните, како и формата и содржината на барањето за акредитација и потребната документација.

Член 2

(1) Установите за формално образование на возрасните (во натамошниот текст: установите), поднесуваат барање за акредитација до Министерството за образование и наука.

(2) Барањето за акредитација се поднесува на Образец со димензии 21 см х 29 см.

(3) Формата и содржината на Образецот на барањето за акредитација се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето за акредитација на установите се доставува следната документација:

- статут на понудувачот на услуги;
- елаборат на понудувачот на услуги;
- изјава за безбедност за секое работно место согласно потребите на верификуваната посебна програма;
- доказ за сопственииштво/договор за изнајмување и структура на просторот;
- свидителство/диплома за завршено соодветно образование и сертификати за соодветната програма, биографија, договор за вршење на услуга помеѓу установата или институцијата за возрасни и наставници/обучувачи во која се дефинирани обврските, одговорностите и услови за работа,
- решение за верификувана посебна програма и
- верификуваната посебна програма за образование на возрасните.

Член 4

По разгледувањето на барањето и поднесената документација, од страна на Комисијата за акредитација на установа за формално образование на возрасните, се изготвува извештај со предлог за акредитација, кој може да биде позитивен или негативен и истиот се доставува до министерот за образование и наука на усвојување.

Член 5

Решението за акредитација на установите за формално образование на возрасните се доставува до установата што се акредитира, Центарот за образование на возрасните, Центарот за развој на стручно образование и Министерството за образование и наука - Бирото за развој на образованието.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-12779/1
3 октомври 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

Прилог

**До**
**Министерство за образование и наука**

**Б А Р А Њ Е**
**за акредитација на установа за формално образование на возрасните**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив на установата за образование на возрасните | |
| 2. | Назив на наставни планови и наставни програми за формално образование на возрасни | |
| 3. | Број на наставен план | |
| 4. | Адреса | |
| 5. | Телефонски број | |
| 6. | Адреса на е-пошта | |
| 7. | Име и презиме на наставници/обучувачи вклучени во реализација на наставните планови и наставни програми | |
| 8. | Простор за вршење на дејноста: | |
| | вкупна површина (во $м^2$) | |
| | вкупен број на училници, кабинети, други простории | |
| | -адреса | |
| 9. | Опрема:<br>краток опис на поважната опрема за реализација на наставните планови и наставни програми | |
| 10. | Кон барањето да се приложи следната документација:<br>- статут на понудувачот на услуги;<br>- елаборат на понудувачот на услуги;<br>- изјава за безбедност за секое работно место согласно потребите на верификуваната посебна програма;<br>- доказ за сопствеништво/договор за изнајмување и структура на просторот;<br>- свидителство/диплома за завршено соодветно образование и сертификати за соодветната програма, биографија, договор за вршење на услуга помеѓу установата или институцијата за возрасни и наставници/обучувачи во која се дефинирани обврските, одговорностите и услови за работа,<br>- решение за верификувана посебна програма и<br>- верификуваната посебна програма за образование на возрасните | |
| 11. | Изјава од директор/овластено лице | Јас долупотпишаниот:<br>- ја потврдувам точноста на информациите содржани во барањето, статутот и елаборатот;<br>- потврдувам дека се исполнети сите потребни стандарди и услови за реализирање на наставните планови и наставни програми и<br>- се согласувам да се врши непосреден увид во работењето на установата |

Датум:
___________________

Барател:
_________________________
(Име, презиме и потпис на директор/овластено лице)
(Печат на установата)